ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 31-301/3

Дата: 04.02.2013

ДО
ОПШТИНА ПРОБИШТИП

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип на сметката на приходи на буџет на дотации (930) за 2011 година.

Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката 930 - сметката на приходи на буџет на дотации на општина Пробиштип, за претходни години.
За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење без резерва.
Општина Пробиштип е влезена во втора фаза на фискална децентрализација во април 2011 година. На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа на образованието, детската заштита, библиотекарство, музејска дејност и противпожарна заштита.
Последната рата за месец декември 2011 година не е трансферирана до сметката на приходи на буџет на дотации до крајот на фискалната година. На овој начин Општина Пробиштип има добиено помалку приходи по основ на наменски дотации, кое има влијание на навремено измирување на обврските на општинските јавни установи од областа на образованието и детската заштитата по основ на тековни расходи.
На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

*Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ | ______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за приходи на буџет на дотации (930) за 2011 година на Општина Пробиштип, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Пробиштип за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Тони Тоневски, градоначалник во 2011 година на Општина Пробиштип.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Пробиштип се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2. Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во деновите 15.11. и 16.11.2012 година кај Општина Пробиштип од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова , ПГДР и овластен државен ревизор;
- Светлана Кумова, самостоен ревизор;
- Лила Зафировска, виш ревизор.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 31 -163/5 од 25.12.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија не утврдија неправилности.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Пробиштип на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Пробиштип, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики. Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## 5. Нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет

5.1. Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа помеѓу приходите за финансирање на единиците на локална самоуправа се и дотациите од Буџетот на Република Македонија по основ на наменски и блок дотации. Приходите од наменските дотации се користат за финансирање на конкретна активност, а блок дотациите за финансирање на општинските јавни установи од областа на културата, образованието, детската заштита и противпожарна заштита преку конкретни програми. Трансферот на дотациите од Буџетот на Република Македонија до сметката на приходи на буџет на дотации на општините се врши во најмалку 12 рати кои се трансферираат најдоцна до последниот работен ден во месецот освен последната рата која се трансферира најдоцна до 15 декември во тековната буџетска година. Последната рата за месец декември 2011 година не е трансферирана до сметката на приходи на буџет на дотации до крајот на фискалната година. На овој начин Општина Пробиштип има добиено помалку приходи по основ на наменски дотации, кое придонело за непокриени обврски на општинските јавни установи од областа на образованието, детската заштитата и музејската дејност по основ на тековни расходи.

Скопје, 29.01.2013 година



*1.* ___________________________

*2.* ___________________________ ____________________

**Општина Пробиштип - Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | | | |
| Неданочни приходи | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 86.555 | 22.003 |
| **Вкупно приходи** | | **86.555** | **22.003** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 68.564 | 3.753 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 17.216 | 17.438 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 267 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **86.047** | **21.191** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.3. | **279** | **773** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **86.326** | **21.964** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | 229 | 39 |

**Општина Пробиштип - Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2011 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 ден. |
| **Опис на позицијата** | **Образложе-ние** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 229 | 39 |
| **Вкупно тековни средства** | | **229** | **39** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **229** | **39** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 229 | 39 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **229** | **39** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **229** | **39** |